РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр. 17 - 1118/2
20. 05 2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 49 став 2 и 4 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.52/10, 135/11, 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 239/22) и член 67 од Статутот на Општина Бутел („Службен гласник на Општина Бутел“ бр.3/14 и 11/14) Градоначалникот и Одделението за јавни дејности на Општина Бутел,објавуваат

# Јавен повик

за искажување на интерес и прибирање на барања за организирање на

Турнир во Баскет 3x3 - 2026 година

1.Распределба на средствата наменети за организација на Турнир во Баскет 3x3 - 2026 година, се планирани од Буџетот на Општина Бутел за 2026 година, во програмата ЛО – Спорт и рекреација, ставка 463120 – трансфери до спортски клубови.

2.За организација на Турнир во Баскет 3x3 - 2026 година, од точка 1 вкупно се предвидени 400.000 денари.

3.Турнир во Баскет 3x3 - 2026 година, ќе се одржи 25,26,27 и 28 јуни 2026 година, во Радишани - Бутел Скопје.

4. Здруженијата на граѓани кои пројавуваат интерес за доделување на средства за организирање на Турнир во Баскет 3x3 - 2026 година, треба да ги исполнат следните критериуми:

- Да се регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации,
- Да извршуваат активности од областа на спортот,едукацијата и толеранцијата меѓу младите.

5.Доколку ги исполнуваат критериумите од точка 4, Здруженијата на граѓани и фондации до Одделението за јавни дејности, преку архивата на Општина Бутел, треба да ги достават следните документи:

- Барање за доделување на средства за организација на Турнир во Баскет 3x3 - 2026 година,
- Фотокопија од решението за регистрација на здружението на граѓани и фондации,
- Предлог програма која ќе вклучува деловни активности со предвидените финансиски средства.

6.Здружението на граѓани се обврзува по завршувањето на Турнир во Баскет 3x3 - 2026 година, за доделените средства да изготви деловен и финансиски извештај и да го достави до Одделението за јавни дејности.

7.Јавниот повик за избор трае од 20.05.2026 до 03.06.2026 година, по кој период Комисијата за избор ќе го извести избраното здружение.

Комисија за прибирање на барања за организирање

Турнир во Баскет 3x3 - 2026 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БУТЕЛ